РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 26.08.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 5330/1 | 0 | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Наталија Пешевска

Билјана Кузманска

Емилија Антевска

Ангелинка Петкова

Драгана Бојковска

Моника Трајанова

Лидија Петковска

Даниела Христова

Олга Лозановска

Благица Ласовска

Весна С. Серафимовиќ

Валентина Марковска

Фанија Сапрачева

Каролина Наскоска

Рашер Амуров

Драгана Арсова

Весна Горичева V.Gorgi

Дијана Илиевска

Ели Јанова

Дафина Стојановска

Иванка Василевска

Предлагач: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОЛИЦИЈА,
по скратена постапка

Скопје, август 2026 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ број 114/2006, 148/2008, 6/2009, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 294/21, 89/22, 160/25, 258/25, 15/26 и 111/26), во членот 28 се уредени полициските овластувања.

Со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција се предвидува и законско решение согласно кое полициските службеници покрај овластувањата од Законот за полиција може да применуваат и други полициски овластувања, утврдени со посебен закон.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на предложеното изменување и дополнување на Законот за полиција е полициските службеници покрај овластувањата од Законот за полиција може да применуваат и други полициски овластувања, утврдени со посебен закон.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОЛИЦИЈА

Член 1

Во Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ број 114/2006, 148/2008, 6/2009, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 294/21, 89/22, 160/25, 258/25, 15/26 и 111/26), во член 28 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Покрај полициските овластувања од ставот 1 на овој член, полициските службеници применуваат и други полициски овластувања утврдени со посебен закон.“.

Во ставот 2 кој станува став 3 зборовите: „од ставот 1“ се заменуваат со зборовите: „од ставовите 1 и 2“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОЛИЦИЈА

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција е систематизиран во 2 члена и има за цел полициските службеници покрај овластувањата од Законот за полиција да можат да применуваат и други полициски овластувања, утврдени со посебен закон.

Со членот 1 се дополнува одредбата од член 28 од Законот за полиција, полициските службеници да применуваат и други полициски овластувања, утврдени со посебен закон.

Со членот 2 се уредува влегувањето во сила на овој закон.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој Предлог на закон се меѓусебно поврзани.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Целта на предложените измени на Законот за полиција е да се овозможи полициските службеници да можат да применуваат и други полициски овластувања, утврдени со посебен закон.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ПОЛИЦИЈА, КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ ИЛИ ДОПОЛНУВААТ

Член 28

Полициски овластувања уредени со овој закон се:

1) проверка и утврдување на идентитетот на лица и предмети;

2) собирање на информации;

3) повикување;

4) лишување од слобода;

5) приведување;

6) задржување;

7) потрага по лица и предмети;

8) прикриено полициско дејствување;

9) пренасочување, насочување или ограничување на движењето на лица и превозни средства на определен простор за нужно потребно време;

10) предупредување и наредување;

11) привремено одземање на предмети;

12) преглед односно претрес на определени објекти и простории на државни органи, институции што вршат јавни овластувања и други правни лица и увид во определена нивна документација;

13) влегување во туѓ дом и други затворени простории;

14) сопирање, преглед односно претрес на лица, багаж и превозни средства;

15) обезбедување, преглед и увид на местото на настанот;

16) примање на пријави и поплаки, поднесување на пријави и известувања;

17) препознавање;

18) јавно распишување награда;

19) снимање на јавни места;

20) полиграфско тестирање;

21) собирање, обработка, анализирање, користење, оценување, пренесување, чување и бришење на податоци, како и обработка на лични податоци под услови и на начин утврдени со овој и посебен закон;

22) примена на посебни истражни мерки и

23) заштита на лица опфатени согласно со прописите за заштита на сведоци.

При преземање на дејствијата во рамките на полициските овластувања од ставот 1 на овој член, можат да се употребат и средства за присилба под услови и на начин утврдени со закон.